**Народна банка на Република Македонија**

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

# НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗА ПЕРИОДОТ 2019 - 2021 ГОДИНА

мај 2018 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 12 став 3 од Правилникот за стратегиско и оперативно планирање, Пр. бр. 02-15/I-1/2016 од 28 јануари 2016 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Стратегиски план**

**на Народната банка на Република Македонија**

**за периодот 2019 – 2021 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) се утврдува врз основа на мисијата, визијата и организациските вредности на Народната банка, во зависност од макроекономското опкружување и клучните предизвици и ги содржи основните стратегиски цели за наредниот тригодишен период.

2. Стратегискиот план се ревидира секоја година и претставува основа за подготовка на Програмата за работа, со кои се утврдуваат годишните програми за остварување на стратегиските цели.

Стратегискиот план ги содржи следниве прилози:

- Проектиран Биланс на состојба за тековната и за наредните три години;
- План на оперативните трошоци за наредните три години; и
- Рамка на планираните инвестиции за наредните три години.

## II. МАНДАТ И НАДЛЕЖНОСТИ

3. Основните цели на Народната банка се утврдени во Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), според кој основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност. Друга цел, подредена на основната цел, е таа да придонесува кон одржување стабилен, конкурентен и пазарно ориентиран финансиски систем, додека третата цел е поддршка на општата економската политика без да се загрози остварувањето на основната цел и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

## III. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

4. Мисијата произлегува од законски утврдените цели и ја изразува посветеноста на Народната банка за одржување на ценовната стабилност преку спроведување на избраната монетарна стратегија на одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Народната банка и натаму ќе придонесува за одржување на

финансиската стабилност и зголемување на економската благосостојба и животниот стандард на граѓаните.

5. Визијата на Народната банка е да биде препознаена како независна, одговорна, професионална и транспарентна институција којашто ужива висока доверба и кредибилитет во јавноста.

6. Вредностите на Народната банка се развиваат и се градат од страна на вработените во соработка со раководството, а се согледуваат во процесот на одлучување, утврдување на приоритетите, секојдневното работење и оперативното извршување на целите и задачите, преку јакнење на организациската култура, зголемување на ефективноста во работењето, регулирање на меѓусебните односи на вработените, развивање одговорност и свесност за работните обврски и создавање позитивно опкружување.

## IV. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА НАРОДНАТА БАНКА

7. Во наредниот тригодишен период, Народната банка ќе биде насочена кон остварување на следниве стратегиски цели:

Стратегиска цел 1

**Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.**

Се оценува дека активностите на Народната банка во следните три години ќе се одвиваат во постабилен и поповолен амбиент, но со присуство на продолжена неизвесност и неповолни ризици. Во глобални рамки, задржани се очекувањата за продолжување на економското закрепнување, натамошно зајакнување на довербата, зголемување на продуктивноста и понатамошно подобрување на сентиментот на финансиските пазари. Сепак, истовремено, на среден рок и понатаму се посочува претежнувањето на неповолните ризици. Главните ризици во овој контекст се однесуваат на можноста за создавање финансиски ранливости, како последица на долгиот период на олабавени финансиски услови, зголемувањето на протекционизмот во глобалната трговија, што може да ја загрози понатамошната глобална економска и финансиска интеграција, а на мапата на ризици, како изразени и важни и понатаму се геополитичките ризици. Во однос на еврозоната, оцените покажуваат дека економијата и понатаму солидно ќе закрепнува, поддржана од стимулативната монетарна политика и главно подобрите надворешни услови. Сепак, на среден рок, глобалните ризици, ниската продуктивност, како и структурните ограничувања во еврозоната се оценуваат како фактори коишто може неповолно да делуваат врз одржливоста на закрепнувањето. Во однос на ризиците поврзани со цените на примарните производи, се очекува дека нивниот раст ќе продолжи и во следниот период, што секако е предизвик за македонската економија, којашто е увозник на овие производи. Во однос на домашниот контекст, по подолг период на политички турбуленции, во следниот период се очекува значително постабилен амбиент, како и подобрување на изгледите за забрзување на процесот на интеграција во Европската Унија. Евентуалното неисполнување на овие претпоставки, секако, може да делува на окружувањето и на остварувањето на стратегиските цели на Народната банка.

Во вакво окружување, активностите на Народната банка во однос на исполнувањето на целта на одржување на ценовната стабилност и понатаму ќе бидат насочени кон постојано унапредување на аналитичката работа и процесот на

прогнозирање и моделирање. На овој начин се обезбедува постојано зголемување на капацитетот за навремено откривање на евентуалните ризици, согледување на идните текови и очекуваните промени во монетарната политика, што ќе придонесе за ефективна и флексибилна реакција. Како и досега, и во следниот период, промените во активностите за унапредување на аналитичката инфраструктура ќе придонесат за приближување кон најдобрите практики на централните банки. Во овој контекст, особено голем фокус ќе се стави на понатамошно унапредување на рамката за економетриско моделирање, односно развивање и приспособување на постојниот модел, којшто е основа за носење на монетарните одлуки, како и проширување на портфолиото на макроекономски модели за целите на монетарната политика.

Имајќи го предвид макроекономското окружување, Народната банка и натаму соодветно ќе ги применува монетарните инструменти така што ќе обезбеди ефикасно управување со ликвидноста на банкарскиот систем и одржување рамнотежа на девизниот пазар, заради понатамошно задржување стабилна вредност на денарот во однос на еврото. Одржувањето на стабилноста на девизниот курс сѐ уште е врвен приоритет којшто и понатаму успешно ќе се остварува, за што Народната банка располага со соодветно ниво на девизни резерви и ефикасен монетарен инструментариум. Очекуваното подобрување на политичкиот амбиент во земјата, заедно со поволното глобално окружување може поволно да влијае врз извозната активност, странските инвестиции во земјата и други приливи на девизи од странство. Во вакви услови, комбинацијата на монетарните инструменти или воведувањето нови монетарни мерки ќе обезбеди флексибилност и можност за приспособување кон новонастанатите услови, а заради исполнување на стратегиската цел. И во следниот период, Народната банка ќе продолжи со активна промоција на денарското штедење, односно и натаму ќе носи мерки со коишто ќе ги поттикнува банките да развиваат депозитни производи со кои ќе се стимулира штедењето во домашна валута, а со тоа и кредитирањето во домашна валута, а ќе дава поддршка и на користењето други финансиски инструменти во денари. Со тоа, Народната банка и натаму ќе го поддржува процесот на деевроизација на домашната економија и ќе го засилува трансмисискиот механизам на монетарната политика.

Стратегиска цел 2

**Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.**

Народната банка и натаму ќе применува ефективна и конзистентна банкарска супервизија. Водена од принципот на пропорционалност во спроведувањето на супервизорските активности, интензитетот на супервизорскиот пристап кај одделни банки ќе се одреди во зависност од нивната системска значајност и профилот на ризичност. Супервизорските приоритети во наредните три години се непроменети: редовна оценка на профилот на ризичност и на потребното ниво на капитал на одделните банки и навремено преземање соодветна супервизорска акција, доколку е неопходно.

Предмет на супервизорска оценка и понатаму ќе бидат традиционалните видови ризици во работењето на банките, пред сѐ кредитниот ризик. Во овој домен, оценката на капацитетот на банките за справување со нефункционалните кредити, но и на примената на новата регулатива за управување со кредитниот ризик којашто е во согласност со МСФИ 9[1] и европските стандарди за нефункционалните и

[1] Меѓународен стандард за финансиско известување.

реструктурираните изложености, ќе бидат во фокусот на супервизорското внимание. Оперативниот ризик, а во негови рамки, особено ризикот којшто произлегува од сигурноста на информативниот систем и ризикот од перење пари и финансирање тероризам, и натаму се приоритетните ризици во супервизорскиот циклус непосредни контроли. Несомнено, посебен предизвик за супервизорите ќе биде и идентификувањето и оценката на нови ризици, коишто произлегуваат од примената на современите технологии. Агрегатната супервизорска оценка за секоја банка ќе се заснова и врз оценката на корпоративното управување и одржливоста на деловните модели на банките на краток и среден рок.

Продолжуваат напорите на Народната банка за следење и усогласување на регулативната рамка со меѓународните стандарди и европското законодавство од областа на банкарството. Се очекува дека во наредните три години ќе се постигне целосно усогласување на Законот за банките со соодветната европска директива и ќе се заокружи во целост примената на т.н. Базел III. Ефектите од неодамна воведените капитални барања, како дел од Базел III, особено ќе се почувствуваат во идниот период, преку натамошно јакнење на отпорноста на банките, но и нивната позиција за испорака на повисок кредитен раст. Целосното заокружување на институционалната и регулаторна рамка за „справување и решавање на проблематични банки" во согласност со европското законодавство е уште еден од предизвиците на Народната банка во наредниот период.

Несомнено, сите овие активности на Народната банка, како единствен супервизорски и регулаторен орган за банките, придонесуваат за јакнење на стабилноста и сигурноста на банкарскиот систем, но и на финансискиот систем во целина. Имајќи го предвид и својот мандат да се грижи и да придонесува за финансиската стабилност, Народната банка и натаму постојано ќе го гради својот капацитет за навремено идентификување на ризиците за финансиската стабилност. За таа цел, Народната банка ќе пристапи и кон појасно дефинирање на својата улога на макропрудентен регулатор.

Секако, свој придонес кон остварувањето на оваа стратегиска цел имаат и самите банки, со својата внимателност во преземањето ризици, но и нивниот капацитет за управување со ризиците. Растечката конкуренција меѓу нив, но и зголемените регулаторни барања, се само некои од предизвиците со кои тие ќе се соочат во наредниот период. Тоа би требало да доведе до соодветно приспособување на нивните деловни модели и натамошно зголемување на нивната ефикасност, особено преку користењето на придобивките од новите финансиски технологии. Воедно, тоа ќе претставува дополнителен поттик и за засилување на процесите на консолидацијата на банкарскиот систем, но и сопственички промени.

Финансиската стабилност во земјата ќе биде под влијание и на остварувањата на небанкарскиот финансиски сектор, пред сѐ пензиските фондови и осигурителните компании, коишто во последниве неколку години добиваат сѐ поголемо значење на финансискиот пазар. Редовната соработка со другите супервизорски органи надлежни за одделните сегменти од финансискиот систем и понатаму ќе претставува еден од основните приоритети на Народната банка. Имајќи предвид дека банкарскиот систем е во претежна странска сопственост, и тоа главно во сопственост на банки со седиште од Европската Унија, од клучно значење за стабилноста на банкарскиот систем е редовната и непречена соработка со странските супервизорски органи, а пред сѐ со Европската централна банка и Европскиот банкарски орган.

Стратегиска цел 3

**Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимална рамнотежа помеѓу принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.**

Управувањето со девизните резерви ќе се остварува во согласност со домашните и меѓународните услови, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност. Предизвиците во доменот на управувањето со девизните резерви во следниот период се поврзуваат со геополитичките случувања и неизвесноста околу порастот на приносите на финансиските инструменти, условени од динамиката на нормализација на монетарните политики на водечките централни банки. Во вакви услови, инвестициската стратегија на Народната банка во следниот период ќе биде насочена кон обезбедување оптимална рамнотежа помеѓу повратот и ризикот од инвестирањето на девизните резерви со одржување на еврото како најзастапена валута и внимателна диверзификација на инвестициите на девизните резерви кон финансиските инструменти и валути со позитивни приноси и постабилни економски изгледи. Воедно, Народната банка ќе продолжи со јакнењето на институционалниот капацитет за управување со девизните резерви преку натамошно унапредување на процесите за управување и инвестирање на девизните резерви согласно со најдобрите светски практики.

Стратегиска цел 4

**Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.**

Народната банка и во следниот среднорочен период ќе продолжи со активно учество и поддршка на развојот на домашните финансиски пазари преку вклучување во активностите за примена на европската регулативна рамка во регулативата на домашните финансиски пазари, унапредување на инфраструктурната рамка и поддршка на развојот на нови финансиски инструменти, што ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на домашните финансиски пазари.

Стратегиска цел 5

**Одржување стабилен систем на снабдување со готовина и обезбедување стандарден квалитет и функционалност на книжните и кованите пари во оптек.**

Народната банка и натаму ќе работи на подобрување на квалитетот на книжните и кованите пари во оптек коишто претставуваат законско средство за плаќање во Република Македонија. Следењето на современите трендови на техниките и технологиите за печатењето на книжните пари и изработката на кованите пари, развојот на иновативните сигурносни заштити, како и следењето и спречувањето на развојот на нови техники на фалсификување на парите, како загрозувачки фактор за националната парична единица, и натаму ќе бидат дел од основните активности на Народната банка во наредниот период.

Исто така, ќе продолжи контролата на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина, што ќе овозможи Народната банка постојано да го следи работењето на одделните банки и центрите за готовина во делот на работењето со готовина и притоа да ги презема сите

неопходни мерки заради натамошно подобрување и зачувување на квалитетот на книжните и кованите пари во оптек.

Во наредниот период Народната банка ќе продолжи со издавањето ковани пари за колекционерски цели, обезбедувајќи значителен придонес за промоција на националните, историските, културните и духовните вредности на Република Македонија, како и за задоволување на побарувачката на нумизматичките колекционери во земјата и во странство.

Стратегиска цел 6

**Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и унапредување на прекуграничните плаќања и забрзување на процесот на дигитализација на домашната економија.**

Еден од клучните предизвици за Народната банка претставува усвојувањето на новата регулативна рамка согласно со правото на Европската Унија, којашто треба да придонесе за појава на нови платни инструменти, нови даватели на платежни услуги и платни системи во земјата и да ја зголеми конкуренцијата, ефикасноста, транспарентноста и заштитата на корисниците на платежни услуги. Истовремено, ќе се преземаат активности за постојано унапредување на работата и промоција на системот за прекугранични плаќања во евра преку Македонскиот интербанкарски платен систем на Народната банка (МИПС), којшто во 2016 година беше поврзан со платниот систем ТАРГЕТ 2[2] преку Банката на Италија. Со остварувањето на овој проект се постигна повисоко ниво на платежна интеграција на Република Македонија во платежната инфраструктура на Европската Унија и тој претставува еден голем чекор напред кон приближување на стандардите на работа на Народната банка до стандардите на работа на централните банки членки на Европската Унија. Воедно, во наредниот период ќе се зајакне системот на контроли на прекуграничните плаќања. Во следниот среднорочен период Народната банка ќе ги разгледа можностите за евентуално регионално поврзување заради овозможување побрзи и поевтини прекугранични плаќања во евра за домашните банки. Исто така, Народната банка ќе продолжи со натамошно унапредување на задninskoto работење согласно со практиките и стандардите на работа на Европската централна банка, а ќе продолжат и активностите за унапредување на надгледувачката улога на Народната банка во доменот на работењето на платните системи. Значаен фокус ќе биде ставен и на активностите за дигитализација на домашната економија како стратегиска определба на Република Македонија за приближување кон Европската Унија во оваа област. Во тие рамки, предвидено е активно учество во спроведувањето на Стратегијата за намалување на готовината во земјата, во која се опфатени конкретни мерки за намалување на користењето готовина и следствено, зголемување на безготовинските плаќања, согласно со најдобрите светски практики во овој домен. Ќе се вложува во постојано унапредување и промоција на системот на електронско банкарство за извршување на платниот промет со странство за потребите на државата и државните органи којшто започна со работа во 2017 година и би требало да придонесе за зголемување на квалитетот и ефикасноста на услугите, како и заштеда на време, човечки и материјални ресурси кај државните институции. Исто така, со проектот за електронско поврзување со извршителите за доставување налози за присилна наплата по електронски пат до Народната банка и банките, ќе се овозможи натамошна дигитализација на активностите во домашната економија.

[2] Платен систем за порамнување во евра во реално време на бруто-основа управуван од Евросистемот.

Стратегиска цел 7

**Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.**

Спроведувањето на монетарната политика во високо отворена економија којашто поминува низ процесот на структурни реформи е релативно сложен процес. Оттука, за ефективна монетарна политика потребни се голем број истражувања за да може подобро да се разберат монетарната трансмисија, реалната економија, макрофинансиските врски, меѓусекторските финансиски релации и други области што се од клучно значење за ефикасно утврдување и спроведување на монетарната политика. Во современата истражувачка активност сè поголема е потребата од подлабинско и структурно согледување на условите во економијата, што бара сè поголема употреба на детални бази со микроподатоци, како и на т.н. големи податочни складови (англ. „Big data") во истражувачкиот процес. Воедно, натамошниот развој на економетриски алатки ќе претставува основа за натамошно унапредување на истражувањата. Ова ќе биде карактеристика и на дел од истражувањата коишто во следниот период ќе се изготвуваат во Народната банка.

Преку редовно публикување трудови на вработените, организирање и присуство на јавни научни настани, Народната банка и во иднина ќе настојува да биде присутна и да влијае врз научната и стручната јавност, да придонесува за пренесување на знаењата во општеството, како и за афирмација на институцијата во странство.

Стратегиска цел 8

**Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.**

Во областа на статистиката, во посткризниот период се зголеми свесноста за важноста која квалитетните, детални и навремени макроекономски статистички податоци ја имаат при креирањето и преземањето мерки од страна на носителите на економските политики. Воедно, очигледна е и потребата од овозможување поедноставен пристап до овие податоци за пошироката јавност. Исто така, имајќи го предвид растечкиот тренд на трговска и финансиска интеграција на Република Македонија во глобалните економски текови, како и забрзаниот процес на пристапување кон Европската Унија, предизвиците главно се поврзани со примената на меѓународните статистички стандарди и понатамошното усогласување со европските барања во однос на опфатот и квалитетот на макроекономските статистики.

Оттаму, успешното остварување на оваа цел подразбира продолжување со активностите насочени кон натамошно унапредување на квалитетот и опфатот на постојните екстерни и монетарни статистики согласно со меѓународните и европските статистички стандарди. Оттука произлегува и приклучувањето на Македонија кон највисокиот статистички стандард – стандардот СДДС плус за дисеминација на податоци на ММФ, како и постепеното приспособување на изворите на податоци во екстерните статистики како резултат на посилниот процес на либерализација на девизниот режим и усогласувањата со европската регулатива во однос на платните системи. Исто така, ќе се продолжи со активностите насочени кон проширување на дијапазонот на расположливите статистики со нови статистички истражувања, а пред сè со статистиката на финансиска сметка и статистиката на хартии од вредност.

Значајна поддршка за збогатување на статистичкиот сет на податоци и за поедноставување на пристапот на јавноста до нив ќе се овозможи и со изградбата на единствениот статистички склад на податоци, во рамки на Народната банка, како и новите интерни аналитички алатки и статистичкиот веб-портал за надворешни корисници. Збогатениот опфат на статистичките податоци надополнет со подетални методолошки објаснувања ќе му даде натамошна поддршка на процесот на одлучување на носителите на макроекономските политики, а ќе придонесе и за подобра информираност на јавноста, воопшто.

Стратегиска цел 9

**Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.**

Ориентацијата на македонската економија кон Европската Унија наметнува потреба од ангажирање на сите институции, вклучително и на Народната банка, во разни видови реформски зафати коишто на среден и долг рок го подобруваат капацитетот на институцијата, односно на економијата, за придружување кон Европската Унија. Покрај ангажираноста околу примената на разни видови европски директиви и стандарди во работењето, Народната банка и натаму ќе дава придонес во изработката и спроведувањето на редовните национални реформски програми и други стратегиски документи. Воедно, Народната банка ќе продолжи со активностите за исполнување на оперативните и институционалните барања за членство во Европскиот систем на централни банки. Евентуалниот напредок во евроинтеграциските процеси може да делува на интензитетот на сите овие активности.

Во наредниот среднорочен период, и натаму редовно ќе се остварува и ќе се унапредува техничката соработка со останатите централни банки и меѓународни финансиски институции, а ќе се искористуваат и можностите во рамките на расположливите инструменти на Европската Унија.

Стратегиска цел 10

**Натамошно унапредување на корпоративното управување, транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.**

Финансискиот сектор и во негови рамки, централното банкарство, е динамична област, соочена со промени и развој во сите сфери од делувањето. Како современа централна банка, Народната банка ги следи трендовите во централното банкарство и постојано го надградува своето работење. Паралелно со осовременувањето на работењето, од клучно значење е и управувањето со ризиците во сите домени на работењето.

Промените на регулативата и потребата за натамошно усогласување со европското законодавство налагаат постојано следење и контрола на правниот ризик. За таа цел, Народната банка и натаму ќе ја унапредува контролата на усогласеноста на работењето со прописите, што ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и сигурноста при извршувањето на работните процеси.

Промените и унапредувањата во работењето треба да овозможат заштита и подобро согледување на ризиците, подобрување на услугите, квалитетот и опфатот на податоците и информациите достапни за надворешни корисници, заради подобрување на транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.

Имајќи ги предвид ризиците во работењето, човечкиот потенцијал и финансиските средства, при стратегиското планирање посебно внимание ќе се обрне на реалното и објективното утврдување на приоритетите во работењето, следењето и оцената на остварувањата. Исто така, Народната банка и натаму ќе ги развива и ќе ги унапредува финансиското евидентирање и известување, што ќе овозможи поефикасно управување со финансиите, динамичното планирање и следење на билансот на Народната банка. Ефикасното управување со билансот на централната банка, вклучувајќи ги и контролата на оперативните трошоци и оптималното искористување на приходите од редовното работење, ќе бидат главниот столб на заложбите на Народната банка. Во наредниот среднорочен период е планирано да се заменат со нови апликативните решенија за сметководствено и финансиско известување, како и апликацијата за планирање, подготовка и известување за Финансискиот план и Планот за инвестиции.

Во текот и на следниот среднорочен период, Народната банка ќе продолжи со унапредувањето на односите со јавноста, како во комуникацијата со медиумите, така и во директната комуникација со граѓаните и правните лица, при што ќе се придржува до определбата да ги следи најдобрите практики за комуникација на Европската централна банка и националните централни банки на земјите членки на Европската Унија.

При спроведувањето на редовното работење, Народната банка и натаму ќе работи на одржување на работните услови во согласност со деловните барања, стандардите и нормите утврдени во Република Македонија, како и на осовременување и надградување на безбедносните мерки и средства, зајакнување и постојана обука на вработените и подобрување на интерната регулатива во овој домен. Активностите за изградба на новиот објект ќе продолжат во наредниот среднорочен период, согласно со утврдената динамика за изградба. Новиот деловен објект ќе обезбеди деловен простор којшто ќе ги задоволува сите стандарди за оптимален еколошки, сигурносен и техничко-технолошки работен простор и опрема.

Во делот на јавните набавки, Народната банка и натаму ќе го унапредува процесот за планирање, спроведување и остварување на јавните набавки преку следење на новините во законодавната рамка и зголемување на транспарентноста за спроведените јавни набавки. Постојното апликативно решение ќе се надгради заради полесно управување на процесот за планирање на набавките со цел да се зголеми ефикасноста и рационално користење на расположливите планирани средства.

Клучен елемент за успешно спроведување на мисијата на Народната банка и одржување чекор со промените во окружувањето претставува развојот на човечкиот капитал и институционалната зрелост. За таа цел, еден од главните приоритети на Народната банка во новиот стратегиски период претставува натамошниот развој на современ и компетентен човечки капитал, унапредување на корпоративното управување и продлабочување на системот на вредности во согласност со стандардите на централното банкарство.

Стратегиска цел 11

**Одржување стабилен информатички систем и негова надградба согласно со постоечките капацитети и меѓународните стандарди.**

Дигитализацијата и глобализацијата на финансиските текови создаваат нови предизвици за регулаторите. Порастот и распространетоста на дигитализацијата во светски размери се проследени со постојано зголемување на компјутерскиот криминал и шпионажа. Народната банка, како институција којашто управува со критична

инфраструктура, којашто ги вклучува платните системи во државата, и натаму ќе презема мерки за зајакнување на кибернетичката отпорност на информацискиот систем, заштитата на личните податоци, како и за обезбедување непрекинатост во работењето. Исто така, Народната банка ќе продолжи со одржувањето и развојот на сигурен информатички систем, преку понатамошно постојано подобрување во согласност со најдобрите меѓународни практики и одржување на тековната опрема на ниво на расположливост од 98% на годишно ниво.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Овој план стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2019 година.

9. Со започнувањето на примената на овој план, Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија СП бр. 02-15/IV-1/2017 од 25 мај 2017 година престанува да важи.

**СП бр.02-15/X-1/2018**
**31 мај 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

## <u>Образложение</u>

Стратегискиот план за 2019-2021 година содржи десет стратегиски цели коишто јасно ја изразуваат определбата на Народната банка за одржување ниска и стабилна инфлација преку стратегијата на одржување стабилен курс на денарот во однос на еврото, одржување финансиската стабилност како составен елемент на макроекономската стабилност и предуслов за остварување економски раст и просперитет. Стратегискиот план за 2019-2021 година претставува продолжение на претходно утврдените стратегиски цели во обласа на утврдувањето и спроведувањето на монетарната политика и поддршката на финансиските пазари, управувањето со девизните резерви, одржувањето на финансиската стабилност, издавањето и управувањето со книжните и кованите пари, платните системи, статистиката и истражувачката дејност. Покрај тоа, Народната банка и натаму ќе го развива корпоративното управување и ќе го продлабочува системот на вредности. Во таа смисла, ќе продолжи процесот на создавање современ и компетентен човечки капитал, воспоставување на најновите технолошки иновации во деловните процеси, ефикасно управување со ризиците и на развивање на соработката со домашните и странските институции.

Стратегиските цели ги утврдуваат најважните, критични точки на работењето на Народната банка во наредниот тригодишен период. Вака утврдените стратегиски цели се основа за изработка на плановите на организациските единици и програмата за работа на Народната банка за наредната година.

Целите поставени со Стратегискиот план треба да овозможат натамошно зголемување на кредибилитетот и угледот на Народната банка и успешно остварување на мисијата на Народната банка.